Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 494 www.mchamber.mk 27.5.2022

## Претседателот Пендаровски на свечената церемонија по повод доделувањето Орден за заслуги и Повелба на Република Северна Македонија



ОДРЖАН МАКЕДОНСКО-РОМАНСКИ БИЗНИС ФОРУМ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, NLB Banka, GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION, IGM trade, MERMEREN Kombinat, МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР, ECM, Gulf, ПЕКАБЕСКО, euro Nickel INDUSTRIES, nextsense, VERO сè на едно место, КОЖУВЧАНКА

### СТАНДАРД Покровители

МАКПРОГРЕС, ComfyAngel, ОКТА, РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС, RADE KONČAR-TEP, A1, seavus, ZAN MITREV CLINIC, CEMOC, CROATIA OSIGURANJE, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, scalefocus, cargo-partner, Schneider Electric, SMELT-ING

### СИЛВЕР Покровители

Мени, SPARKASSE, Vezeshari, SOCOTAB Leaf tobacco, Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Доделени сертификатите на учесниците во програмата „Млади менаџери и бизнис лидери“ на Советот на странски инвеститори под покровителство на претседателот на државата



Претседателот Стево Пендаровски денеска ги додели сертификатите на учесниците во програмата „Млади менаџери и деловни лидери“ што беше организирана од Советот на странски инвеститори, а под покровителство на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.

Како што истакна претседателот Пендаровски благодарение на оваа програма, од јануари до крајот на мај годинава, 32 млади наши сограѓани, преку низа од обуки се стекнаа со вештини и знаења неопходни за нивниот понатамошен професионален развој. Обуките беа спроведени во 18 компании кои се членки на Советот на странски инвеститори ставајќи се на располагање на младите менаџери и бизнис лидери овие стопански субјекти направија извонредно значаен општествено одговорен чекор.

Паралелно со бројот на компаниите се зголемува и бројот на кандидати кои аплицираат за програмата и навистина е се потешко да се направи селекција на најдобрите. Впрочем, фактот што четири од учесниците во програмата добија вработување во компаниите каде што ја реализираа програмата говори за двостраниот бенефит – нагласи Пендаровски.

Тие се идните креатори на процесите кои треба да доведат до етаблирање на систем на чиј што врв ќе бидат квалитетот, посветеноста, професионалноста и моралните вредности. Тоа е предуслов да дојдеме до просперитетна, модерна и развиена Република Северна Македонија што е несомнено заеднички интерес на сите наши граѓани и на бизнис заедницата – потенцираше претседателот Пендаровски.

Претседателот на Советот на странски инвеститори Штефан Петер од своја страна потенцираше дека овогодинешната четврта по ред програма „Млади менаџери и деловни лидери“ недвосмислено се покажа како извонредна можност за инволвирање и на амбициозни млади луѓе кои имаат желба за квалитетен професионаен исчекор, додека странските компании ја препознаа идејата на Советот за  отворање на перспективи за останување на младите во својата земја, додавајќи дека проектот ќе продолжи и наредната година во насока на овозможување за стекнување на знаење, вештини и искуство на идните апликанти. На настанот беа доделени и сертификати за учество во програмата „Млади менаџери и деловни лидери“ и на осумнаесеттината компании членови на Советот на странски инвеститори.

# ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ




Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше виртуелна презентација на Инструментот- Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст.

Од Стопанската комора на настанот свое обраќање имаше Јадранка Аризанковска, менаџер во организационата целина за претставување на членките и вмрежување, која истакна дека целта на денешната презентација е да се информираат компаниите за придобивките од новиот инструмент на Фондот преку кој ќе се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи („ПЗУ“) за остварување на забрзан раст за надминување на последиците од економската криза преку воведување на нови, иновативни, напредни, 'зелени' и дигитални технологии за нивна трансформација.

Аризанковска додаде дека согласно стратешките определби, Комората во иднина ќе ги стави на располагање својата експертиза и капацитети при подготовка на проектни апликации за компаниите со цел раст и развој, зголемување на конкурентноста на меѓународните пазари, како и подобар квалитет на производите и услугите.

Од Фондот за иновации и технолошки развој свое обраќање имаше Искра Мујчин која ја изрази својата благодарност за досегашната соработка и додаде дека Фондот обезбеди и бесплатна техничка помош за потенцијалните апликанти со надворешни експерти во неколку области.



Финансиската поддршка е наменета за претпријатијата и ПЗУ (приватни здравствени установи) кои имаат јасно идентификувана потреба од нови технологии која ќе има значително и мерливо позитивно влијание во еден или повеќе од следните аспекти од нивното работење: зголемена продуктивност и ефикасност, намалување на трошоци и употреба на ресурси, намалување на негативното влијание врз животната средина, подобар квалитет и нови карактеристики на производите и услугите кои ги нудат на пазарот, за развивање на нови канали за продажба, влез, експанзија на нови пазари или за градење на постабилна и поодржлива мрежа на добавувачи.

Преку Инструментот, Фондот обезбедува финансиска поддршка:

- до 70% (седумдесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, но не повеќе од 2.500.000,00 (два милиони и петстотини илјади) денари за претпријатија и ПЗУ чиј просечен број на вработени е до 10 (десет) вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 50.000,00 (педесет илјади) евра
- до 70% (седумдесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, но не повеќе од 5.000.000,00 (пет милиони) денари, за претпријатија и ПЗУ чиј просечен број на вработени е од 10 до 50 вработени и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 50.000,00 (педесет илјади) евра, а помал од 2.000.000,00 (два милиони) евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проект.
- до 60% (шеесет проценти) од вкупниот буџет на проект, но не повеќе од 10.000.000,00 (десет милиони) денари за претпријатија и ПЗУ чиј просечен број на вработени е од 50 до 250 и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра, финансирање.

Подобни трошоци за финансирање:

- Бруто плати за вработените лица кај апликантот кои ќе бидат ангажирани на проектот. Износите на бруто плати на вработените-ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот пред почеток на проектот, намалени за износот на потенцијална државна субвенција примена по основ на плата;
- Трошоци за техничка поддршка (експертиза), трошоци за договорни услуги за истражување, развој, дигитализација (пр. тестирање, лабораториски услуги и слично);
- Трошоци за набавка и изнајмување на опрема, софтвер, алатки од информатичка технологија и суровини и потрошен материјал, директно поврзани со реализација на проектот;
- Трошоци поврзани со спроведување на план за технолошки развој на Апликантот;
- Други оперативни трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен оние кои не се подобни за финансирање преку овој Инструмент.

Времетраењето на проектот може да биде до 18 (осумнаесет) месеци. За финансирање проекти под овој конкурс за овој Инструмент обезбеден е вкупен буџет од 6.000.000.00 (шест милиони) евра во денарска противвредност.

Рокот за аплицирање е до 15.06.2022, до 16.00 часот. Повеќе информации поврзани со јавниот повик можат да се добијат на е-адреса: zabrzanrast2@fitr.mk или на следниот линк: www.fitr.mk/.

# Претседателот Пендаровски на свечената церемонија по повод доделувањето Орден за заслуги и Повелба на Република Северна Македонија




На свечена церемонија одликувани Пол Кругман и Стопанска комора на Северна Македонија со Орден за заслуги за Република Северна Македонија и Повелба на Република Северна Македонија на Бранко Азески

Денеска имам голема чест да одликувам две личности и една организација кои имаат особени заслуги за економската мисла, но и за економската дејност, на глобално и на национално ниво.

Во присуство на еминентниот професор по економија Пол Кругман и докажани македонски бизнис лидери од Стопанската комора на Северна Македонија, на чело со нивниот претседател Бранко Азески, не би сакал да навлегувам во економски теми што припаѓаат во нивната сфера на теоретска експертиза и практично делување, но, би сакал со вас да споделам неколку генерални опсервации околу контекстот во кој ги доделуваме овие признанија.

Минуваме низ период на голема неизвесност поради бројните и испреплетени кризи што меѓусебно се зајакнуваат. Пандемијата на Ковид-19 и руската инвазија на Украина предизвикаа рецесија, енергетска криза и ценовни шокови на глобалните пазари. Се очекува јавниот долг, инфлацијата и цените на производите да продолжат да растат. Се продлабочува нееднаквоста меѓу државите и внатре во државите. Како мала и отворена економија, која е дел од глобалниот трговски и финансиски систем, ние сме посебно ранливи на овие процеси.

Периодов што многумина го нарекуваат совршена бура не соочува со две групи на прашања.

Прво, како се најдовме во оваа бура? Фактот дека за време на пандемијата, најбогатите во светот го дуплираа своето богатство зборува дека некои важни лекции од глобалната економска криза од 2008-та година не се научени. На пример, дека е лесно да се преземаат големи ризици со туѓи пари, или дека пазарот е подобар во создавањето профит отколку во неговата дистрибуција.

Второто прашање е што треба да направиме за успешно да излеземе од оваа бура? Во каква вредносна рамка треба да функционира економскиот систем за да биде поотпорен на симултани кризи, а, стопанството полесно да ги издржи шоковите?

Според мене, нема дилема дека стожерот на таа вредносна рамка треба да бидат граѓаните и јавниот интерес. Една од целите наведени во преамбулата на македонскиот устав е дека државата се конституира со цел “да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот.” Оттука, нашата цел не е само да ја пребродиме кризата, туку од неа да излеземе со засилен економски развој, намалена невработеност, зголемена продуктивност и конкурентност на националната економија.

За да го постигнеме ова, нам ни се потребни знаењето и експертизата на врвните теоретичари како што е професорот Пол Кругман, кој со децении неуморно го покажува патот до одржлив и инклузивен економски раст и развој. Како глобален интелектуалец, тој се залага за концептот на релативно еднакво општество, поддржано од институции што ги ограничуваат екстремите на богатството и сиромаштијата. Тој верува во демократијата, граѓанските слободи и владеењето на правото и е гласен критичар на социјалната неправда и злоупотребата на политичката моќ. Овие вредности се клучни за опоравување на македонската економија, за успех на македонските компании, за благосостојба на македонските граѓани, конечно, за квалитетот на македонската демократија.

Но, за да биде делотворна, теоријата мора да биде применета во практика, од страна на државните институции и приватниот сектор. Индустриите и компаниите се вистинските двигатели на економијата. Денеска имаме чест да ја одликуваме нашата најстара стопанска комора која годинава ја прославува стогодишнината од основањето. За важноста на Стопанската комора на Северна Македонија зборува фактот дека компаниите-членки генерираат половина од вкупниот приход и речиси половина од нето добивката во приватниот сектор, а, секој трет вработен во приватниот сектор е вработен во овие компании. Стопанската комора е активен партнер на државата во остварување на заедничката цел, а тоа е економски просперитет како еден од предусловите за стабилност на целото општество.

Со нас денес е и господинот Бранко Азески, кој веќе 17 години е на чело на Стопанската комора и кој има голема заслуга во нејзиното издигнување и вмрежување во регионот и Европа. Како претставник на комората, тој беше истовремено и конструктивен критичар и партнер на државата во справувањето со економските последици од пандемијата. Господинот Азески, заедно со Стопанската комора, имаше важна улога во консултативниот процес на изработка на Рамката за развој МКД 2030 што ќе биде промовирана наредниот месец. Овој документ е дело на теоретичари и практичари кои заедно ги дефинираа приоритетните области во кои треба да вложуваме за државата на среднорочен план да стане подобро место за живот и работа.

Имајќи ги во предвид нивните заслуги и постигнувања, чест ми е да ги одликувам Професорот Пол Кругман и Стопанската комора на Република Северна Македонија со Орден за заслуги, а господинот Бранко Азески со Повелба на Република Северна Македонија.

# ОДЖАН МАКЕДОНСКО-РОМАНСКИ БИЗНИС ФОРУМИ БИЛАТЕРЛАНИ СРЕДБИ



Земјоделско-прехранбената, металната и електро индустријата, фармацијата, производството на медицинска опрема, градежништвото и туризмот, се секторите со најголем потенцијал за унапредување на економската соработка меѓу Северна Македонија и Романија, беше истакнато на денешниот бизнис форум што се одржа во Стопанската комора.

За првите три месеци од 2022 година, трговската размена меѓу двете земји достигна 108,6 милиони американски долари што, и покрај здравствено-економската криза, покажува раст од 8,7 отсто во однос на истиот период лани. Притоа, остварен е извоз во вредност од 31,1 милион долари што е пад за 0,37 проценти, додека увозното салдо изнесува 77,7 милиони долари што е раст од 12,84 отсто.

- За двете економии е од посебно значење да го дисперзираат ризикот и да работат на зголемување на меѓусебната размената, но и на размената со други земји, имајќи предвид дека главен трговски партнер во моментот на двете економии е Германија, порача потпретседателката на Стопанската комора, Анета Трајковска.

Таа напомена дека Романија е наш значаен трговски партнер, 12-ти согласно податоците за остварената вкупна размена. - Романија е меѓу првите најзначајни трговски партнери на нашата држава. Може да се констатира дека не се забележуваат посебни девијации во трговската размена од 2010 до 2013 година, а веќе од 2014 до 2018 година се забележува зголемување на вкупната трговска размена, како и на извозот и на увозот меѓу двете земји. Највисокиот износ на трговска размена е остварен во 2018 година, а во 2021 година е забележан највисок дефицит на наша страна во размената од 182,3 милиони долари како резултат на раст на размената од 23,5 отсто во однос на 2020 година, раст на увозот за 39,8 проценти и намалување на извозот за 4,8 отсто, подвлече Трајковска.



Таа потсети дека последниот заеднички форум беше одржан минатата година на 30 јуни, но оттогаш до денес, подвлече, се настанати значајни промени во условите на стопанисување – раст на цените на енергенсите, раст на цените на суровините и двоцифрен раст на инфлацијата. Сепак, како што нагласи Трајковска, забележано е зголемување на трговската размена на двете земји споредбено со 2020 година.

Осврнувајќи се на потрошувачката на електрична енергија, потпретседателката на Стопанската комора посочи дека кај двете држави карактеристично е постојано зголемување на увозот во последните 10 години.

Амбасадорката на Романија во Република Северна Македонија, Н.Е. Адела Моника Аксинте посочи дека е потребно компаниите да ги искористат меѓусебните директни средби за подобро запознавање на деловните можности од двете страни.

- Северна Македонија е членка на НАТО, а очекува да ги почне и преговорите за членство во ЕУ. Сигурноста на инвестициите во земјава е зголемена, а бизнис опкружувањето е транспарентно и стабилно. Ги охрабрувам фирмите да ја искористат оваа можност за зајакнување на соработката која има потенцијал за унапредување на секое ниво, посочи Аксинте.

Таа од форумот ја испрати и пораката дека проширувањето на Унијата во овој период е исклучително важно, посебно ако се земе предвид руско-украинскиот конфликт.

Пред стопанствениците од двете земји беше промовиран романскиот регион Јаши и беа претставени неговите бизнис потенцијали. По завршувањето на официјалниот дел, претставниците на македонските компании остварија и директни средби со претставниците од Романија.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар

06.06.2022

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОБВРСКА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, КОНСУЛТИРАЊЕ НА КОНТРОЛЕН ЛИСТ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА ТАКВИТЕ МЕРКИ, БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПОВРЕДА ПРИ РАБОТА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 6 јуни 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Задолжителна обврска за почитување на мерките за безбедност и здравје при работа, консултирање на контролен лист за исполнетост на таквите мерки, боледување како последица на повреда при работа“.

Почитувањето на законската регулатива за заштита на безбедноста и здравјето при работа, е од клучно значење за обезбедување на безбедна работна средина, во која работниците ќе се чувствуваат сигурни и спокојни и ќе можат максимално да се фокусираат на извршување на своите работни задачи и подобрување на целокупниот деловен потфат. Од таа причина, сосема оправдано, работодавачите треба да посветат посебно внимание на добро разбирање на нивните обврски во поглед на обезбедување на безбедноста и здравјето при работа, не само за да постигнат усогласеност со законот и да избегнат глоби, туку многу поважно, за да осигураат дека преземени се сите чекори за спречување на било какви несакани случаи кои би произлегле од несоодветно спроведените мерки од оваа област.

Токму во таа насока, цел на оваа работилница е да ги информира работодавачите за нивните обврски во поглед на обезбедувањето на безбедноста и здравјето при работа, при што, ќе се разгледаат најчестите и најважните мерки кои тие треба да ги преземат.

Заради комплетирање на темата ќе се разгледа и контролната листа понудена од државниот инспекторат за труд, како една корисна алатка при вршење на внатрешна контрола, пред воопшто да стане збор за контрола од страна на инспекторатот.

Во вториот дел на работилницата ќе се разговара за боледувањето како причина за отсуство од работа, при што ќе се објаснат генералните принципи на овој институт, а посебно внимание ќе се посвети на ситуацијата кога боледувањето е отворено поради повреда на работа до која дошло заради необезбедување на соодветни мерки за заштита на безбедноста и здравјето при работа.

Предавач: Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.



Семинар

07.06.2022

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ ЗА ИЗРАБОТКА НА АКТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Менаџментот на човечки ресурси или управувањето со човечките ресурси е многу важна деловна и управувачка функција во работната организација. Менаџментот со човечките ресурси не е само значајна деловна функција, туку и една од основните управувачки функции во организацијата. Управувањето со човечките ресурси ги опфаќа менаџерските одлуки, стратегии, планирање и активности кои директно влијаат на вработените во организацијата - нивното однесување, резултати, ставови, вредности и мотивација. Менаџментот со човечки ресурси се стреми кон обука, обучување, подучување и други иницијативи за градење вештини, дизајнирани да се надминат недостатоците. Со почитување на функциите на менаџментот на човечки ресурси како анализата и планирањето, регрутацијата и селекцијата, обуката и развојот, оценувањето на перформансите, плаќањето, развојот и управувањето со кариерата, може да се придонесе кон поголем успех во секоја работна организација.

Програма:

- Стратешкото значење на менаџментот на човечки ресурси;
- Целите на функцијата на менаџментот на човечки ресурси;
- Стратегијата, начелата и процедурите на менаџментот на човечки ресурси;
- Функциите на менаџментот на човечки ресурси;
- Планирањето на човечките ресурси;
- Регрутацијата на човечките ресурси;
- Селекцијата на човечките ресурси;
- Обуката и развојот на човечките ресурси;
- Оценувањето на перформансите на вработените;
- Плаќањето на човечките ресурси;
- Развојот и управувањето со кариера на вработените.

Предавачи:

- М-р Милка Ѓурчевска, магистер по менаџмент на човечки ресурси, специјалност јавна администрација. Раководител на одделение за управување со кариера, развој и перформанси на вработени во Државниот инспекторат за труд.
- Доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг.

**Семинар**

**09.06.2022**

# УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНОТО ВРЕМЕ И ПРАВИЛНО РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ОДМОРИ КАКО ОСНОВНА ОБВРСКА НА РАБОТОДАВАЧОТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 09 јуни 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Управување со работното време и правилно распоредување на годишни одмори како основна обврска на работодавачот".

Целта на оваа работилница е сеопфатно да ја обработи темата за добро управување со работното време како еден од предусловите за успешно водење на деловниот потфат.

Во рамки на истата, ќе се дискутира пред сé за потребата од преземање формални чекори поврзани со работното време, како што се негово регистрирање и потоа и определување за секој вработен поединечно преку негово предвидување во договорот за вработување. Дополнително, ќе се анализира обврската за евиденција на работното време.

Потоа, ќе се разгледа прекувремената работа, условите кога може да се воведе прекувремена работа и како истата се исплаќа. Ќе се разговара и за ноќната работа која слично, донесува низа обврски за работодавачот.

Потоа, во пресрет на сезоната на активно и интензивно користење на годишен одмор, детално ќе се објаснат сите негови поединости во светло на законското регулирање, и ќе се разрешат некои од најчестите дилеми кои сé уште креираат нееднакво постапување во пракса.

Крајно, како заокружување на темата, ќе се разговара и за последиците од непочитување на утврденото работно време и сé поврзано со него, и тоа како за работникот, така и за работодавачот.

Предавач:

- Викторија Спасовска - Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.



**Конференција**

**14.06.2022**

# „AUSTRIA CONNECT SOUTHEAST EUROPE" - Собир на регионални австриски компании

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Advantage Austria- Трговското одделение при австриската амбасада во Скопје, Ве покануваат да земете учество на претстојната конференција AUSTRIA CONNECT Југоисточна Европа, што ќе се одржи на 14 јуни 2022 година во Загреб, Р. Хрватска.

AUSTRIA CONNECT SOUTHEAST EUROPE е водечки собир на директори на австриски компании со седиште во Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Албанија и е одлична платформа за размена на искуства со австриски компании во регионот и нудење информации за бизнис можности како и дискусии за можни решенија за предизвиците со кои се соочуваме. По успешните конференции во Загреб, Белград и Љубљана, AUSTRIA CONNECT Southeast Europe 2022 се враќа - со мало задоцнување поради пандемијата – повторно во Загреб.

Покрај актуелните случувања во земјите од регионот, конференцијата AUSTRIA CONNECT Southeast Europe 2022 ќе се фокусира на можностите за раст, можностите за инвестирање во регионот и предизвиците на променливиот пазар на труд и ИТ безбедноста.

Во рамките на „World Café Southeast Europe" ќе можете да се консултирате во пријатна атмосфера за сите прашања што ги имате за пазарите на AUSTRIA CONNECT Југоисточна Европа.

Ве очекуваат интересни предавачи, предавања и дискусии, примери за успешен бизнис и можности за вмрежување и развој на деловна соработка. Прелиминарната програма и повеќе информации можете да најдете на AUSTRIA CONNECT.

Котизација: 100 евра, - по лице или 130 евра, - по лице со вклучен гала концерт за прослава на 30 години политички односи меѓу Хрватска и Австрија на 14 јуни 2022 година.

Краен рок за пријавување: 10.06.2022 година.

Работен јазик: англиски

Услови за учество (плаќање и откажување на учество)

За да аплицирате за учество, користете го овој ФОРМУЛАР ЗА РЕГИСТРАЦИЈА или испратете ги деталите за вашата компанија и името /имињата на учесникот/учесниците на следната е-адреса: skopje@advantageaustria.org

Хотелско сместување: На следниот линк можете да резервирате соба во хотелот Мериот во Загреб до 01.06.2022 година по цена од 103 евра: Линк до резервација AUSTRIA CONNECT.


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088